за социјална работа
Бр. 04 - 659/2
12.07 2021 год.
СВЕТИ НИКОЛЕ

Врз основа на член 211, став1 и 2 и чл. 212 став 5 и 6 од Законот за социјалната заштита ("Службен весник на РСМ" бр. 104/19,146/19 и 275/2020 год.) Директорот на ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа Свети Николе, објавува :

**ИНТЕРЕН ОГЛАС**
**за пополнување на слободни работни места со унапредување на двајца (2) извршители на неопределено време во ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа Свети Николе**

ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа Свети Николе, објавува интерен оглас за унапредување на двајца (2) извршители на неопределено време на следните позиции:

1. **СО30303А01002 Раководител на служба за услуги од социјална заштита Стручен службеник од I ниво**
2. **СО30303А04021 Водител на случај –психолог Самостоен стручен службеник од IV ниво**

Кандидатите треба да ги исполнуваат следните општи услови утврдени со Правилникот за систематизација на работните места во ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа Свети Николе и Законот за социјалната заштита :
Општи услови:

- да е државјанин на Република Северна Македонија;
- активно да го користи македонскиот јазик;
- да е полнолетен;
- да има општа здраствена способност за работното место и
- со правосилна судска пресуда да не му е изречена казна забрана на вршење професија, дејност или должност.

Секој кандидат треба да ги исполнуваат следните посебни услови утврдени со Правилникот за систематизација на работните места во ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа Свети Николе и законот за социјалната заштита:

1. **Кандидатот под реден број 1 за Раководител на Служба за услуги од социјална заштита ниво А1 треба да има стекнато 240 ЕКТС или завршен VII/1 степен високо образование :Социјална работа и социјална политика ,правни науки или педагогија и најмалку пет години работно искуство.**
   - **Активно познавање на компјутерски програми за канцелариско работење,**

2. **Кандидатот под реден број 2 за Водитл на случај –психолог ниво А4 да има најмалку 240 ЕКТС VII/1 степен високо образование -Психологија и најмалку две години работно искуство.**
   - **Активно познавање на компјутерски програми за канцелариско работење,**

**Општи работни компетенции на средно ниво се :**
**-учење и развој**
**-комуникација**
**-оставрување резултати**
**-Работење со други (тимска работа)**
**-Ориентираност кон стрнките/засегнати страни**
**-финансиско управување**

Распоред на работно време, работни часови во неделата : 40, флексибилно работно време од понеделник до петок од 7.30 до 15.30 и 08:30 до 16:30 часот.

Паричниот изност за основната нето плата за кандидатот број 1 изнесува 35.408,00 денари.

Паричниот износ за основната нето плата за кандидатот број 2 изнесува 28.869,00 денари

На интерниот оглас може да се јави давател на јавна услуга вработен во ЈУМ Центар за социјална работа Свети Николе кој ги исполнуваат општите и посебните условите за пополнување на соодветното работно место пропишани во Законот за социјалната заштита и актот за систематизација на работни места и
-да е оценет со оценка „4„ или 5 при последното оценување
-да поминал најмалку две години на тековното работно место и,
-да не му е изречена дисциплинска мерка во последната година пред објвувањето на интерниот оглас.
Во пријавата кандидатите се должни под морална материјална и кривична одговорност да потврдат дека податоците во пријавата се точни,а доставените докази се верни на оригиналот.
Кандидатот кој внел лажни податоци во пријавата се дисквалификува од понатамошната постапка од овој оглас.

Рокот за доставување на пријавите со потребната документација изнесува 3 работни дена сметано од денот на објавувањето на интерниот оглас.

Условите наведени во интерниот оглас,кандидатите треба да ги исполнуваат во моментот на пријавувањето.

Кандидатите со уредна документација кои ги исполнуваат потребните услови ке бидат повикани на интервју во ЈУМ Центар за социјална работа Свети Николе.

Постапката ќе ја спроведе Комисија за селекција на кандидати за даватели на јавни услуги формирана од страна на директорот на ЈУМ ЦСР Свети Николе.

Кандидатите заедно со пријавата треба да ги достават доказите за исполнување на општите и посебните услови, во оригинална форма или копија заверена на нотар.

- Доказ за државјанство;
- Доказ за општа здравствена способност за засновање на работен однос.
- Доказ дека не им е изречена забрана на вршење професија, дејност или должност;
- Уверение / Диплома за завршен степен за образование;
- Сертификат за активно познавање на компјутерски програми за канцелариско работење.

Овој интерен оглас се објавува истовремено на огласна табла во ЈУМ Центар за социјална работа Свети Николе и на интрнет страната на Установата.

**Напомена** :Согласно годишниот план за вработување на институцијата за 2021 година вработувањето е предвидено за двајца Македонци

Пријавата со потребната документација треба да се достави до архивата на: ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа Свети Николе, или по пошта на следната адреса :
ул.Велко Влаховиќ бр.38 А, Свети Николе
Контакт телефон 070 210 995

Ненавремените, нецелосните и некомплетните пријави и документација нема да се разгледуваат.

ЈУ Меѓуопштински центар за
социјална работа Свети Николе
Директор
Маргита Стојкова